# СЕПТЕМВРИ 2023
# 139 ПРЕЛЕТИ НА ВОЗДУХОПЛОВИ БЕЗ ЕКИПАЖ

АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО
Република Северна Македонија




ИЗВЕШТАЈ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.09.2023 ГОДИНА ДО 30.09.2023 ГОДИНА - АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

ВО ГРАФИЧКИОТ ПРИКАЗ СЕ ПРЕЗЕНТИРАНИ СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ БАЗИРАНИ НА АНАЛИЗА НА БРОЈОТ НА РЕГИСТРИРАНИ И НАЈАВЕНИ ВОЗДУХОПЛОВИ БЕЗ ЕКИПАЖ, ВРЗ ОСНОВА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД АГЕНЦИЈАТА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО.

ВО ТЕКОТ НА СЕПТЕМВРИ 2023 ГОДИНА, УСПЕШНО СЕ НАЈАВЕНИ ВКУПНО 139 ЛЕТАЊА, СПОРЕД ПОДАТОЦИТЕ ПРЕЗЕМЕНИ ОД ДИНАМИЧКАТА МАПА НА ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦАТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО.

ЗАБЕЛЕЖАНИ СЕ **14 ОДБИЕНИ** НАЈАВИ ВО СОГЛАСНОСТ СО УРЕДБАТА. ПРИЧИНИТЕ ЗА ОДБИЕНИОТ НАЈАВИ БЕА ЛЕТАЊЕ НА РАСТОЈАНИЕ ПОМАЛО ОД 100 МЕТРИ ОД ОБЈЕКТИТЕ ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТА И ОБЈЕКТИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ, КАКО И НАЈАВИ ЗА ЛЕТАЊЕ НА РАСТОЈАНИЕ ПОМАЛО ОД 3 КИЛОМЕТРИ ОД ДРЖАВНАТА ГРАНИЦА.

ВО ТЕКОТ НА СЕПТЕМВРИ 2023 ГОДИНА, НЕ СЕ ПРИЈАВЕНИ СЛУЧАИ НА ПОСТАПУВАЊЕ ДО ИНСПЕКЦИСКИТЕ СЛУЖБИ НА АГЕНЦИЈАТА ПОРАДИ НЕОВЛАСТЕНО ЛЕТАЊЕ СО ВОЗДУХОПЛОВ БЕЗ ЕКИПАЖ.

НА СЛЕДНИОТ ГРАФИКОН Е ПРЕТСТАВЕН ПРИКАЗ НА ЛЕТАЊА НА ВОЗДУХОПЛОВИ БЕЗ ЕКИПАЖ ВО СЕПТЕМВРИ 2023 ГОДИНА, ПО ГРАДОВИ.

ВЕДНАШ ПОСЛЕ НАЈГОЛЕМИОТ БРОЈ НА ЛЕТАЊА ВО СКОПЈЕ (84) СЛЕДУВА РЕСЕН(12), ОХРИД(8), ТЕТОВО(7), КУМАНОВО(6), ВЕЛЕС(4), ВЕЛЕС(3), СТРУГА(2), КРУШЕВО(2), КАВАДАРЦИ(2),БИТОЛА(2), ГОСТИВАР(2), МАВРОВО(1), ГЕВГЕЛИЈА(1),ШТИП(1),С.НИКОЛЕ(1) И БЕРОВО(1)







ЕДНА ОД ПОЗНАЧАЈНИТЕ АНАЛИЗИ КОИ АПЛИКАЦИЈАТА ЗА НАЈАВА НА ЛЕТАЊА ГИ ИМА Е НАМЕНАТА ЗА ЛЕТАЊЕ. ТАКА, МОЖЕ ДА СЕ ЗАКЛУЧИ ДЕКА ДУРИ 61.4 % ОД ОНИЕ КОИ НАЈАВИЛЕ ЛЕТАЊЕ СЕ ИЗЈАСНИЛЕ ДЕКА ЛЕТАЊЕТО ЌЕ БИДЕ ЗА „СОПСТВЕНИ ПОТРЕБИ“, 3.1 % ОД НАЈАВИТЕ НА ЛЕТАЊЕ СЕ ПОРАДИ РЕКРЕАЦИЈА, 33.2 % ОД НАЈАВИТЕ НА ЛЕТАЊЕ СЕ ПОРАДИ КОМЕРЦИЈАЛНИ ЦЕЛИ И 2.3 % ОД НАЈАВИТЕ СЕ ПОРАДИ ВОЗДУХОПЛОВНО-СПОРТСКИ ЦЕЛИ.




ЗА ПОТРЕБИТЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ, БИРО ЗА ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ, СО ЦЕЛ ПРЕВЗЕМАЊЕ НА ОПЕРАТИВНИ ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ, ВО МЕСЕЦ СЕПТЕМВРИ ПОСТАВЕНИ СЕ 2 **ЗАБРАНИ** ЗА ЛЕТАЊЕ.




ВО МЕСЕЦ СЕПТЕМВРИ 2023 ГОДИНА ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО СЕ **РЕГИСТРИРАНИ 4** ВОЗДУХОПЛОВИ БЕЗ ЕКИПАЖ